Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 04-62/7
06.02.2020 год.
Насеља, Илинден

Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден, врз основа на одредбите од член 37-м од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), одредбите од чл.20-д Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), одредбите од чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година и одредбите од чл.34 од Статутот на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден, на ден 06.02.2020 година, во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за избор на кандидати по јавен оглас 01/2020**

1. **За 2 (два) извршители на работното место Одржувач на јавно прометни површини во Стручна служба - Одделение за јавна хигиена - шифра КДР 03 05 В02 007 се избираат кандидатите:**
   **- Захари Атов**
   **- Гоца Крстевска**

2. Именуваните ќе бидат вработени на работното место од член 1 на оваа Одлука по конечноста на одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување.

3. Оваа одлука ќе се објави на интернет страната на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден и ќе се достави со пријавените кандидати.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.01.2020 година, на интернет страната на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден и во Дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха", за потребите на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден објавен е јавен оглас за пополнување на слободни работни места во Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден.

Со Решение на Директорот на претпријатието со арх.бр.04-28/2 од 15.01.2020 година формирана е Комисија за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2020.

Согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година се спроведе постапка за вработување по предметниот оглас, утврдена со Записник за извршена проверка во постапка за административна селекција по Јавниот оглас 01/2020 арх.бр.04-62/1 од 04.02.2020 година и Записник за спроведено интервју во постапката по Јавниот оглас 01/2020 арх.бр.04-62/2 од 05.02.2020 година.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2020 изготви Конечна ранг листа од пријавените кандидати, со предлог до Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден за избор на најдобро рангираните кандидати арх.бр.04-62/3 од 05.02.2020 година.

За работното место Одржувач на јавно прометни површини во Стручна служба - Одделение за јавна хигиена - шифра КДР 03 05 В02 007, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2020 како најдобро рангирани кандидати ги предложи: кандидатот Захари Атов (со вкупно 86 освоени бодови во сите фази на селекција) и кандидатот Гоца Крстевска (со вкупно 77 освоени бодови во сите фази на селекција).

Врз основа на Конечната ранг листа од пријавените кандидати и предлогот на Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 01/2020, Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден изврши избор како во Диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на претпријатието

Д.Н.
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Пријавените кандидати

ЈКП ,,ИЛИНДЕН" н.Илинден
Директор
Дипл.правник Игор Филиповски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" Населба Илинден